Цивика мобилитас денес (16 мај 2017 година) во х. ТЦЦ Гранд Плаза во Скопје ги промовираше новите акциски, мали и ад хок грантисти. „Цивика мобилитас ја достигна планираната **критична маса од 100 големи грантисти**, додека вкупниот број на поддржани организации на една и пол година пред крајот на програмата е 197“, рече во своето обраќање Александар Кржаловски, Национален водач на тимот на програмата и прв извршен директор на МЦМС.



**Амбасадорката на Швајцарија** во Македонија, нејзината екселенција **Сибил Сутер Тејада** им ги врачи договорите на грантистите. „Во ваква чувствителна политичка и општествена околина се истакнува улогата на граѓанското општество во промовирањето на дијалогот во општеството“, рече таа и додаде дека грантистите на Цивика мобилитас веќе се истакнати двигатели на промените. Амбасадорката Сутер Тејада ја истакна и улогата на младите луѓе од различни етнички заедници, „навистина ми е мило што имаме бројни организации водени од млади луѓе“, рече таа.

Вкупно 15 организации добија акциски грантови наменети за поддршка на граѓанските организации кои сакаат да ги промовираат нивните каузи и активности со **вкупен буџет од над 28 милиони денари**. Планираните активности ќе бидат насочени во **повеќе сектори** како што се: доброто владеење, граѓанското општество, родовите прашања, меѓуетничките односи, толеранцијата, културата, хендикепот, вработувањето, образованието и науката, информациите и друго. Организациите добитници се од Скопскиот, од Полошкиот, од Североисточниот и од Вардарскиот регион. Низ кратки видеа беа презентирани планираните активности на акциските грантисти.


CIVICA
ПРОМОЦИЈА НА
ДОБИТНИЦИ
НА ГРАНТОВИ
Citizens for change!